# Закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и работа на странци

**Член 1**

Во Законот за вработување и работа на странци ("Службен весник на Република Македонија" број 70/2007, 5/2009, 35/10, 148/11, 84/12, 148/13 и 38/14), во членот 39 став (1) втората реченица се брише.

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:
„(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице од став (1) на овој член ќе се изрече и на одговорното лице во правното лице кое овозможува, поттикнува или учествува во незаконски вработувања на странци во Република Македонија или државјани на Република Македонија во странство."

Во ставот (2) кој станува став (3) бројот „500" се заменува со зборовите: „150 до 200".

**Член 2**

Во членот 40 став (1), зборовите: „3.000 до" се бришат, а зборовите: „сам сопственик" се заменуваат со зборовите: „трговец поединец".

Во ставот (2) зборовите: „400 евра во денарска против вредност" се заменуваат со зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице од став (1) на овој член".

**Член 3**

Во членот 41 во став (1), зборовите: „3.000 до" се бришат, а зборовите: „сам сопственик" се заменуваат со зборовите: „трговец поединец".

Во ставот (2) зборовите: „500 евра во денарска против вредност" се заменуваат со зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице од став (1) на овој член".

Во ставот 3 бројот „500" се заменува со зборовите: „200 до 300".

**Член 4**

Во членот 42 став (1), зборовите: „2.000 до" се бришат, а зборовите: „сам сопственик" се заменуваат со зборовите „трговец поединец".

Во ставот (2) зборовите: „800 до 1.200 евра во денарска против вредност" се заменуваат со зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице од став (1) на овој член".

Во ставот (3) бројот „500“ се заменува со зборовите: „200 до 300“.

**Член 5**

Во членот 43 став (1), зборовите: „1.500 до“ се бришат, а зборовите: „сам сопственик“ се заменуваат со зборовите: „трговец поединец“.

Во ставот (2) зборовите: „800 до 1.200 евра во денарска противвредност“, се заменуваат со зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице од став (1) на овој член“.

Во ставот (3) зборовите: „800 до 1200“ се заменува со зборовите: „200 до 300“.

Во ставот (4) зборовите: „од 300 до 500“ се заменува со зборовите: „од 200 до 300“.

**Член 6**

Во членот 44 став (1), зборовите: „1.200 до“ се бришат.

Во ставот (2) зборовите: „800 до 1.200 евра во денарска против вредност“, се заменуваат со зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице од став (1) на овој член“.

**Член 7**

Во членот 45 став (1), зборовите: „1.200 до“ се бришат, а зборовите: „сам сопственик“ се заменуваат со зборовите: „трговец поединец“.

Во ставот (2) зборовите: „800 до 1.200 евра во денарска против вредност“, се заменуваат со зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице од став (1) на овој член“.

Во ставот (3) зборовите: „500 до 800“ се заменува со зборовите: „200 до 300“.

Во ставот (4) зборовите: „500 до 800“ се заменува со зборовите: „200 до 300“.

**Член 8**

Во членот 46 став (1) зборовите: „800 до“ се бришат, а зборовите: „сам сопственик“ се заменуваат со зборовите: „трговец поединец“.

Во ставот (2) зборовите: „400 до 800 евра во денарска противвредност“, се заменуваат со зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице од став (1) на овој член“.

Во ставот (3) зборовите: „300 до 600“ се заменува со зборовите: „120 до 180“.

Во ставот (4) бројот „300“ се заменува со зборовите: „120 до 180“.

**Член 9**

Во членот 48 став (1), зборовите: „800 до“ се бришат, а зборовите: „само вработен“ се заменуваат со зборовите: „трговец поединец“.

Во ставот (2) зборовите: „200 до 500 евра во денарска противвредност“ се заменуваат со зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице од став (1) на овој член“.

**Член 10**

Во членот 49 став (1), зборовите: „800 до“ се бришат, а зборовите: „само вработен“ се заменуваат со зборовите: „трговец поединец“.

Во ставот (2), зборовите: „400 до 800 евра во денарска противвредност“ се заменуваат со зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице од став (1) на овој член“.

**Член 11**

По членот 49, се додаваат три нови члена 49-а, 49-б и 49-в, кои гласат:

„Член 49-а

Одмерувањето на висината на глобата за правните лица се врши согласно Законот за прекршоците.

Член 49-б

(1) За прекршоците утврдени во членовите 39, 40, 41, 42, 43, 44, 45, 46, 48, и 49 од овој закон, инспекторот е должен на сторителот на прекршокот да му издаде прекршочен платен налог, согласно Законот за прекршоците.

(2) Доколку сторителот го прими прекршочниот платен налог, истиот треба да го потпише. Примањето на прекршочниот платен налог од сторителот на прекршокот се забележува во записник.

(3) Во записникот од став (2) на овој член се утврдува начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот, како и начинот на надминување на последиците од сторениот прекршок.

(4) Кога како сторител на прекршок се јавува правно лице, записникот и прекршочниот платен налог ги потпишува одговорното лице во правното лице или од него овластено лице.

(5) Инспекторот е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот од покренатите постапки.

(6) Во евиденцијата од ставот (5) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот,

живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и за исходот на постапката.

(7) Личните податоци од ставот (6) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(8) Министерот за труд и социјална политика ги пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

Член 49-в

Прекршочната постапка за прекршоците предвидени во овој закон ја води и прекршочни санкции изрекува надлежниот суд.“

**Член 12**

Подзаконскиот акт чие донесување е утврдено со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 13**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за вработување и работа на странци.

**Член 14**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.